## Контактирајте со центрите за вработување

| | | |
|---|---|---|
| Берово | Маршал Тито б.б. | 033/ 471-153 |
| Битола | Ѓерче Петров б.б. | 047/ 237-154 |
| Валандово | 4-ти Јули бр.5 | 034/ 382-052 |
| Велес | Петре Прличко бр.34 | 043/ 231-590 |
| Виница | Маршал Тито б.б. | 033/ 363-301 |
| Гевгелија | Борис Карапузов бр.1 | 034/ 211-930 |
| Гостивар | Кеј Вардар бр.1 | 042/ 218-015 |
| Дебар | 8-ми Септември б.б. | 046/ 831-335 |
| Делчево | бул.Македонија б.б | 033/ 411-106 |
| Демир Хисар | Маршал Тито б.б. | 047/ 276-355 |
| Кавадарци | 7-ми Септември б.б. | 043/ 411-729 |
| Кичево | Бул. Ослободување б.б. | 045/ 225-232 |
| Кочани | Вељко Влаховиќ | 033/ 272-205 |
| Кратово | Гоце Делчев бр.62 | 031/ 481-105 |
| Крива Паланка | Маршал Тито бр.167 | 031/ 375-147 |
| Крушево | Никола Ѓурковиќ бр.10 | 048/ 477-033 |
| Куманово | Тодор Велков б.б. | 031/ 422-077 |
| Македонски Брод | Партизанска бр.10 | 045/ 274-159 |
| Неготино | Пекарев бр.5 | 043/ 361-799 |
| Охрид | 7-ми Ноември бр.264 | 046/ 254-115 |
| Прилеп | Ладо Лопецо б.б. | 048/ 418-361 |
| Пробиштип | Миро Барога б.б. | 032/ 483-187 |
| Радовиш | Маршал Тито бр.4 | 032/ 607-015 |
| Ресен | Иво Лола Рибар бр.36 | 047/ 452-520 |
| Свети Николе | Ленинова б.б. | 032/ 443-920 |
| на град Скопје | Васил Ѓоргов б.б. | 02/ 3138-434 |
| Струга | Пролетерска бригада бр.66 | 046/ 781-962 |
| Струмица | 1-ви Мај бр.36 | 034/ 322-783 |
| Тетово | Благоја Тоска бр.23 | 044/ 22-449 |
| Штип | Гоце Делчев бр. 91 | 032/ 385-339 |

**www.avrm.gov.mk**
**e-mail: info@zvrm.gov.mk**

Агенција за вработување на Република Македонија
Gesellschaft für Versicherungswissenschaft und -gestaltung e.V. GVG
Arbetsförmedlingen
Swedish Public Employment Service

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на конзорциумот GVG - Arbetsförmedlingen и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

# Како да го најдам вистинскиот работник ?



Агенција за вработување на Република Македонија

*Заедно до вистинската цел!*

# Како да го најдам вистинскиот работник?

Отворањето на нови, модерни, бизниси секојдневно ја зголемува потребата од квалификувана, добро обучена и мотивирана работна сила. Како да се најдат вистинските луѓе за слободните работни места во вашата компанија, како да се направи избор од понудата на пазарот на работна сила, како да се мотивираат невработените лица да конкурираат за работа во вашата компанија... Пред вас се поставуваат многу прашања.

Одговорот всушност е едноставен: Агенција за вработување на Република Македонија. Ние имаме база на податоци за невработените лица, нивните квалификации, вештините кои ги поседуваат, интересите, работното искуство... Побарајте нè, ние ќе ви помогнеме да го одберете најсоодветниот кандидат според вашето барање.

Доколку во моментот на евиденцијата на Агенцијата нема невработено лице кое одговара на вашите потреби, организираме курсеви за обука, преквалификација или доквалификација, обуки за претприемништво, обуки за стекнување на потребните вештини, компјутери, странски јазици....

Во Агенцијата за вработување, исто така, можете да добиете информација за активните програми и мерки за вработување на Владата на РМ. Постојат поволности (ослободување од персонален данок, субвенции...) кои ви се овозможени доколку вработите лице од евиденцијата на невработените, млади, лице со специјални потреби, самохран родител, инвалидни лица, долгорочно невработени и сл.

Агенцијата редовно спроведува истражување на потребите на пазарот на труд за наредниот период. Пријавувајќи ги своите моментални потреби и потребите на вашата компанија од работници во иднина, вие, всушност, директно влијаете на професионалната ориентација на лицата кои бараат работа на планирањето на обуките и другите активни мерки за вработување, а со тоа ги зголемувате шансите да обезбедите квалитетна работна сила за сегашните и идни потреби за вашата компанија.

### Како да се огласи слободното работно место?

Ништо полесно. Дојдете во некој од центрите за вработување или искористете го нашиот веб портал, каде ќе најдете едноставен електронски формулар. Пополнете го, и вашата потреба од работници ќе биде регистрирана во базата на податоци на Агенцијата. На самиот портал лицата што бараат работа имаат можност да ги оставаат своите биографии, а истите ви се достапни и вас, па така, можете самите да се обидете да направите избор на најповолниот кандидат. Контактот со избраниот кандидат, заради заштита на личните податоци, ќе ви го овозможи Агенцијата за вработување, преку службата за посредување при вработување.

Побарајте ги нашите услуги, тие се **БЕСПЛАТНИ.**

